# КОН ШЕЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА ПРОФЕСОР ТОМО ТОМОСКИ

Шеесетгодишнината од раѓањето на професорот Томо Томоски — еден од првите македонски медиевалисти и основоположници на школството во СР Македонија, македонските историчари, а и многубројните негови ученици и колеги ширум СФРЈ ја одбележуваат со посебно внимание. Тоа е разбирливо, зашто богатата и долгогодишна наставно-научна и општественополитичка дејност на проф. Томо Томоски е широко позната не само во СРМ туку во СФРЈ и надвор од неа.

Проф. Томо Томоски е роден на 22 декември 1915 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во родниот град. Окупацијата на нашата земја го затекнала како студент на групата за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. Поради војната бил принуден да ги прекине студиите. По ослободувањето на нашата земја, во периодот на поставувањето на темелите на новото социјалистичко општество, проф. Томоски уште како незавршен студент сестрано се вклучил во изградувањето на новиот учителски кадар. Едновремено со тоа тој и студирал. Дипломирал 1948 година на групата историја при Филозофскиот факултет во Љубљана. Набргу потоа во 1949 година бил избран за асистент на групата за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. Една година подоцна бил унапреден во предавач по предметот Општа историја на средниот век. Во 1958 година со успех ја одбранил својата хабилитација, на тема: „Средновековните градови во нашите клисури". Со овој обемен научен труд проф. Томоски длабоко веќе заорал во проучувањето на македонското средновековие. Во 1963 година тој се здобил и со звањето вонреден професор, а во 1970 година и со редовен професор.

Проф. Т. Томоски спаѓа во редот на првите македонски марксистички историчари и педагози. Во условите кога непосредно по ослободувањето на нашата земја во училиштата на Македонија се работело без учебници и потребни наставни помагала, проф. Томоски покажал евидентни резултати како наставник по предметот историја. Тогаш како предавач во Школата за народни учители се претставил како солиден организатор и изведувач на наставата по историја врз марксистички основи. Притоа, имајќи ја секогаш предвид важноста и местото на наставата по историја врз изградувањето на марксистички поглед на свет, проф. Томоски во овие повоени години дал значаен придонес во идејно-политичкото изградување на првите

учителски кадри на Македонија. Како истакнат историчар-педагог едновремено предавал во повеќе школи во Скопје. Така, во периодот од 1947 до 1950 година бил предавач во Вишата педагошка школа; во 1947 година во специјалната паралелка при Учителската школа; во 1948 година во Работничката гимназија, а во 1949 година и во Средната политичка школа.

Проф. Т. Томоски дал значајни резултати во унапредувањето на наставата по историја и како прв инспектор по историја во Министерството за просвета на НР Македонија. Вршејќи ја доста ангажирано својата инспекторска должност, проф. Томоски особено многу придонесол во сите видови училишта младиот и често пати неквалификуваниот наставнички кадар да ги пренесува на учениците историските настани од призмата на историскиот материјализам. Тоа тој го вршел преку организирање на многубројни семинари, курсеви, одржување на предавања и сл.

Таквата активност на проф. Томоски продолжила и по неговото вработување на Филозофскиот факултет во Скопје. Скоро секоја година тој бил испраќан од страна на републичките просветни органи како пратеник по одделните гимназии и други средни училишта на СРМ. Исто така бил ангажиран од страна на Советот за просвета на СРМ и во изведувањето на државните стручни испити за звањето професор по историја.

Делокругот на работата на проф. Томоски бил и поширок. Тој дал виден придонес во формирањето и издигнувањето на музејското и архивското дело во СР Македонија, потоа во формирањето на Друштвото на историчарите на СРМ. Двапати бил биран за претседател на Историското друштво на СРМ. Значаен е придонесот на проф. Томоски и во формирањето и афирмирањето на Институтот за национална историја во Скопје.

Проф. Т. Томоски доста придонесол и во основањето и афирмирањето на повеќе македонски стручни и научни списанија. Тој е еден од основачите на списанието „Историја" органот на Сојузот на историските друштва на СРМ. Голема е заслугата на проф. Томоски и во афирмирањето и на списанијата: „Гласник на Институтот за национална историја" и на „Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје".

Проф. Томоски зел активно учество и во работата на Архивот на Македонија, како и во изработката на повеќе научни проекти во МАНУ.

Сестрана е ангажираноста на проф. Томоски и во работата на повеќе општествено-политички организации и самоуправни тела на Филозофскиот факултет, а и надвор од него. Во 1959 и 1963 година бил продекан на Филозофскиот факултет. Освен тоа бил претседател на Управниот одбор на Филозофскиот факултет Од 1970 до 1972 година бил шеф на Катедрата за историски науки. Сега е претседател на Советот на Филозофскиот факултет

и член на многу други тела. Исто така проф. Томоски голема општествено-политичка активност покажал и покажува и надвор од факултетот. Бил повеќе пати член на Советот на Институтот за национална историја, на Архивот на Македонија, како и во разни други институции. Зел видно учество и во работата на повеќе комисии при Советот на Секретаријатот за образование и наука на СРМ, а и во повеќе стручни здруженија. Голем придонес дал проф. Томоски и во работата на Собранието на град Скопје. Бил претседател на Советот за култура при Собранието на град Скопје и член на повеќе комисии.

Огромен е придонесот на проф. Т. Томоски и во унапредувањето на македонската историска наука, а посебно на медиевалистиката. Тој е првиот наш чист медиевалист. За неговото име е сврзано расветлувањето на бројни проблеми од македонското средновековие. Уште во 1948 година зел учество во работата на Комисијата за изработка на тези за историјата на македонскиот народ. Тој е еден од авторите на колективниот труд „Историја народа Југославије“, издадена во Белград 1953 година. Во оваа прва марксистичка историја на југословенските народи, проф. Томоски ги обработил деловите што се однесуваат на историјата на македонскиот народ во периодот од XI до XIV век.

Проф. Томоски е еден од авторите и на првата „Историја на македонскиот народ“. Во првиот том на оваа тротомна историја тој го расветлил периодот кој се однесува на XIII и XIV век. Освен тоа проф. Томоски дал повеќе значајни прилози и во колективниот труд „Енциклопедија Југославије“.

Научната работа на проф. Томоски посебно е сврзана со расветлувањето на проблематиката околу постанокот, развитокот и лоцирањето на голем број македонски средновековни градови. Со своите долгогодишни сестрани теренски испитувања, при што секогаш се раководел од пишаните извори и материјалните наоди, проф. Томоски успеал да открие голем број непознати средновековни градови на Македонија. Голем дел од своите научни резултати тој ги изложил во неговата хабилитација „Средновековните градови во нашите клисури“. Во оваа обемна научна работа проф. Томоски ги соопштил своите проучувања за 9 средновековни градови што ги пронашол по течението на реката Вардар, исто толку по реката Црна, 4 по текот на реката Треска, 4 по р. Дрим, 3 по р. Пчиња и 2 по р. Брегалница.

Своите научни резултати од проучувањето на македонските средновековни градови, проф. Томоски ги објавил во повеќе наши научни списанија, зборници и други публикации. Од објавените научни работи на проф. Томоски посебен интерес предизвикале — како кај нашите така и кај странските историчари и други научни работници — трудовите: „Исправки и дополненија на некои карти од средновековната историја на Македонија“, „Каде лежел градот Quorytos“, „Дали постоел град

Полог", „Апелативи на нашите средновековни градови", „Белешки по повод воениот поход на Андроник III во Македонија во 1330 година", „Таорско градиште (Taurisium-Bederiana-Justiniana Prima)", „Градиште на средновековна Пелагонија", „Прашањето за Коџаџик", „Потеклото и значењето на некои топоними во Македонија", „Белешки за некои месности во Македонија во почетокот на XI век", „Постанок и развиток на средновековниот град Прилеп", „Охрид до крајот на XIV век", „Средновековниот град Малешево", „Свети Град е второто име на средновековниот град Дебар", „Средновековните градови во Македонија", „Полошките хисари во XV век", „Скопје од XI до XIV век" и други.

Проф. Т. Томоски објавил неколку забележителни научни трудови и од поновата историја на македонскиот народ. Имено, истражувајќи во архивите во Виена, тој открил голем број необјавени документи кои се однесуваат на историјата на Македонија кон крајот на XIX и самиот почеток на XX век. Во таа смисла посебна вредност има неговата обемна научна публикација „Документи од Виенската архива за Македонија 1879—1903". Во оваа книга проф. Томоски објавил 46 документи во оригинал и во превод на македонски јазик, со што придонесол овие непознати документи да станат достапни на поголем број наши и странски научници. Освен тоа, како плод на научноиспитувачката работа во Виена е и трудот „Населението на Битолскиот санџак во 1897 година според статистичкиот преглед на австро-унгарскиот вицеконзул А. Крал".

Своите научни резултати проф. Томоски ги соопштил и на повеќе конгреси, симпозиуми, научни средби, семинари и други научни собири. Тој зел учество и на X меѓународен конгрес на историчарите во Рим 1955 година.

Голем е придонесот на проф. Томоски и во изградувањето на научниот кадар на Филозофскиот факултет во Скопје, а и надвор од него. Под негово непосредно раководство се здобиле повеќе негови студенти со докторат од областа на историските науки, етнологијата и други научни дисциплини.

За својот огромен придонес во воспитувањето и изградувањето на воспитно-образовниот и научен кадар на СР Македонија, во унапредувањето на школството воопшто, како и во формирањето и унапредувањето на повеќе научно-просветни институции, а и за развитокот на македонската историска наука, проф. Т. Томоски е повеќе пати одликуван од Претседателот на Републиката. Имено, тој е носител на Орден на трудот од III ред, Орден заслуги за народ со сребрени зраци и Орден на трудот со црвено знаме. Освен тоа, тој добил Пофалница од Сојузот на историските друштва на СРМ и Плакета-пофалница по повод 25-годишнината од основањето на Архивот на Македонија.

*Бранко Панов*